**European Cooperation in the field of Scientific and Technical Research**




### *Интериндивидуални варијации на ефектите од консумирање на растителни биоактивни компоненти и фактори кои ги условуваат*
### *POSITIVe COST Action (FA1403)*

POSITIVe е неодамна започната Акција (односно мрежа, проектна соработка) која е одобрена и финансирана од организацијата COST, во доменот Храна и земјоделство. POSITIVe официјално започна со своите активност на 11-ти декември 2014 во Брисел и истата ќе трае до крајот на 2018 година. Во моментов оваа Акција вклучува вкупно 27 земји кои ќе работат и соработуваат на полето на осознавање и подлабоко разбирање на факторите кои се асоцирани со интериндивидуалната варијабилност кај луѓето и нивното влијание врз одговорот на внесувањето на растителните биоактивни компоненти. На чело на оваа Акција е Dr. Christine Morand (INRA, Франција), а потпретседател е Dr. Francisco Tomas-Barberan (CEBAS-CSIC, Шпанија). Тие ќе ја раководат мрежата во соработка со Управувачкиот комитет (Management Committee – MC) и Управниот одбор (Steering Committee – SC) кои се формирани од членовите на Акцијата.

Кардиоваскуларните и метаболните заболувања можат да бидат превенирани, забавени или редуцирани преку подобрување на прехранбените навики. Зголеменото консумирање на храна од растително потекло, богата со бројни компоненти кои имаат потенцијално корисни ефекти („биоактивни компоненти“) е значајна стратегија за борба против овие хронични заболувања. Меѓутоа, транслацијата на повеќе ветувачки претклинички истражувања во хумани клинички студии досега се покажа како предизвик, во најголема мерка поради големата интериндивидуална разнообразност во одговорот на внесот на овие компоненти. Градејќи Европска мултидисциплинарна мрежа, POSITIVe специфично ќе го обработи овој проблем преку осврт кон: 1) интериндивидуалната варијабилност на апсорбцијата и метаболизмот на овие компоненти кај луѓето (работна група 1); 2) варијабилноста на одговорот кон внесот на овие компоненти кај луѓето (работна група 2) и 3) транслација на резултатите од работните групи 1 и 2 во апликации кои ќе бидат релевантни за научната заедница, прехранбената индустрија, креаторите на здравствени политики во областа на јавното здравство, здравствените работници и општата популација. Акцијата исто така ќе работи и соработува за дисеминација на резултатите и информациите кои ќе бидат генерирани од страна на работните групи (Focusing group, FG) и за обука на млади научници (Short Scientific Missions, STMs). Сите овие активности ќе доведат до подобро разбирање на корисните ефекти на растителните биоактивни компоненти и нивна употреба против кардиоваскуларните и метаболните заболувања и ќе ги позиционираат Европските истражувачи како лидери во ова поле. Тие исто така ќе обезбедат нови научни сознанија кои ќе бидат искористени од страна на регулаторните тела за специфични препораки во исхраната насочени кон одредени популациони групи и кон Европската прехранбена индустрија за развој на нови видови функционална персонализирана храна.

Детали за Акцијата POSITIVe можат можат да се најдат на следната веб-страна: http://www6.inra.fr/cost-positive. Информации за COST можат да се најдат на:

http://www.cost.eu/, а за доменот Храна и земјоделство на:
http://www.cost.eu/COST_Actions/fa.